

**ДОБИТНИК:** (ПРОЕКТЕН ТИМ 3)
ДРУШТВО ЗА СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ
М.ХЕАЛТХ ГРОУП ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО СКОПЈЕ

**Име на проект:** m.Health / М.ХЕАЛТХ




## КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ:

m.Health е паметна платформа која креира индивидуален план за следење на здравјето кај високо ризични лица со хронични болести во партнерство со нивниот лекар. Додадена вредност е интегрираниот потсетник со кој пациентите добиваат известувања за редовно следеење со едукативни информации кои ја подобруваат адхерентноста на пациентите и го намалуваат нивниот ризик за КОВИД-19. m.Health развива индивидуален план за следење на женското здравје преку развивање на скрининг чекори, ориентирани кон потребите на пациентите. m.Health создава лична проценка на ризикот од КОВИД-19, пријавување на симптоми кај позитивни лица за брз преглед со аларм за влошување на симптомите во реално време и потреба од хоспитализација. m.Health промовира само грижа на пациентите која влијае на намалување на притисокот кон здравствениот систем преку развивање на протоколи за рано откривање на компликации и со цел подобро управување со здравствениот систем во услови на COVID-19.

## ИЗНОС НА ФИНАНСИРАЊЕ ОД ФИТР:

# 30,000 евра

во денарска противвредност, колку што е и максималниот износ на средства за финансирање на поединечен предлог проект. Средствата се обезбедени во соодност: 51% од корпоративниот партнер Рош и 49% од ФИТР.

